**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
Бул. Гоце Делчев бр.18 1000 Скопје
www.mrt.com.mk

Врз основа на Заклучок на Владата на РСМ на седница одржана на 02.03.2021 година со кој што се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа во рок од 30 дена да изготват Годишен план за спречување на корупција соодветен на нивната надлежност, Директорот на МРТ донесе:

МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА 01-2727/1 20.05.2021 год. СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ПЛАН

-за спречување на корупција за 2021 година-

## 1. Општи одредби

**1.1.** Овој План за борба против корупцијата претставува документ на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија (во натамошниот текст ЈРП МРТ) со кој се дефинираат принципите и барањата насочени кон спречување на корупција и усогласеност со антикорупциското законодавство на Република Северна Македонија.

**1.2.** Со овој план се утврдуваат:

- Основните принципи на борба против корупцијата;
- правната и организациската рамка за спречување на корупцијата и нејзино сузбивање;
- минимизирање и (или) елиминирање на условите за сторување на кривични дела од областа на корупцијата.

**1.3.** Планот за спречување на корупција на ЈРП МРТ претставува збир на меѓусебно поврзани принципи, процедури и специфични мерки насочени кон спречување и сузбивање на корупциските престапи во вршењето на службените активности од страна на вработените во ЈРП МРТ и во таа смисла, спречувањето на корупција може да вклучува:

- Идентификување на вработени одговорни за превенција на корупција и други прекршоци;
- Соработка на ЈРП МРТ со другите надлежни институции и организации за сузбивање на корупцијата;
- развој и имплементација на мерки насочени кон обезбедување антикорупциска политика во секојдневната работна пракса;
- развој на професионално однесување на вработените во односите со трети лица,
- спречување и решавање на судир на интереси;

## 2. Цели на спроведувањето на антикорупцискиот план

**2.1.** Главните цели на антикорупцискиот план се:
- спречување на корупција во ЈРП МРТ;
- обезбедување одговорност за кривични дела од корупција;
- формирање на антикорупциска свест кај вработените во ЈРП МРТ;
- минимизирање на ризикот од вклучување на вработените во ЈРП МРТ во активности за корупција;
- следење на ефективноста на мерките за борба против корупцијата;
- обврска на вработените во ЈРП МРТ да ги знаат и да ги почитуваат барањата на овој План, како и основните норми на антикорупциското законодавство во РСМ.

## 3. Основни принципи на антикорупциска активност на ЈРП МРТ

**3.1.** Системот на антикорупциски мерки во ЈРП МРТ се заснова на следниве клучни принципи:
1. Создавање на превентивни мерки насочени кон спречување на формирање на причини и услови што доведуваат до корупција:
2. Обезбедување публицитет на таквите активности:
   - информирање на договорните страни, партнерите и јавноста за антикорупциските стандарди донесени во ЈРП МРТ;
   - постојана контрола и редовно следење на ефективноста на спроведените антикорупциски стандарди и процедури, како и контрола над нивното спроведување:
3. Интеракција со институции, јавни здруженија и граѓани:
   - подигнување на свеста на вработените во ЈРП МРТ за одредбите на антикорупциското законодавство и нивно активно учество во формирањето и спроведувањето на антикорупциските стандарди и процедури;
4. Усогласеност на Планот на ЈРП МРТ со важечкото законодавство и општо прифатените норми: Уставот на РСМ, законските и подзаконски прописи и интерните правни акти усвоени од страна на ЈРП МРТ;
5. Развој и спроведување на пакет мерки за намалување на веројатноста за вклучување на ЈРП МРТ, нејзините застапници по закон и вработени во активности за корупција, земајќи ги предвид ризиците од корупција што постојат во активностите на ЈРП МРТ:
6. Одговорност и санкционирање:
   - Создавање на недискриминаторски систем за одговорност и санкционирање за вработените во ЈРП МРТ, без оглед на работната позиција, стажот и другите услови во случај да сториле прекршоци

од областа на корупцијата во врска со вршење на нивните работни должности.

## 4. Примена на Планот и обврски на вработените во врска со спречување и сузбивање на корупцијата

**4.1.** Овој План се однесува на сите вработени во ЈРП МРТ, без оглед на позицијата и функциите што ги вршат.

**4.2.** Општи обврски на вработените во институцијата во врска со спречување и борба против корупцијата се:

- Да се воздржат од извршување и (или) учество во извршување кривични дела од корупција во интерес или во име на ЈРП МРТ;
- Веднаш да го информираат напосредно одговорниот работник или Директорот во случаи кога постојат сериозни индиции дека одреден вработен извршил или има намера да изврши кривични дела од областа на корупција;
- Веднаш да го информираат одговорното лице назначено за спречување на корупција во ЈРП МРТ или непосредно претпоставениот работник или Директорот на ЈРП МРТ за случаи на кривични дела од корупција од страна на договорни страни, институции или други физички и правни лица со кои што соработува ЈРП МРТ;
- Веднаш да го информираат одговорното лице назначено за спречување на корупција во ЈРП МРТ или непосредно претпоставениот работник или Директорот на ЈРП МРТ за можноста од судир на интереси.

**4.3.** Непочитувањето на обврските од точка 4.2 ќе се смета како потешка повреда на работните обврски и повлекува одговорност согласно позитивните законски прописи на РСМ и интерните акти на ЈРП МРТ.

## 5. Измени и дополнувања на Планот за спречување на корупција

5.1. Во текот на работата, треба редовно да се следи напредокот и ефективноста на спроведувањето на антикорупцискиот план, како и откриените причинители за корупција и начините за нивно отстранување.

5.2. Одговорниот вработен за спроведување на антикорупцискиот план во ЈРП МРТ, годишно доставува извештај до Директорот на ЈРП МРТ. Доколку, врз основа на резултатите од мониторингот, се појават сомнежи за ефективноста на антикорупциските мерки што се спроведуваат, се прават измени и дополнувања на антикорупцискиот план.

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
Бул. Гоце Делчев бр.18 1000 Скопје
www.mrt.com.mk

Акционен план за борба против корупција во ЈРП МРТ за 2021 година:

| Реден број | Насока | Дејствие |
|---|---|---|
| 1 | Зацврстување на стандардите на антикорупциско однесување на вработените во МРТ | Назначување на вработен кој ќе биде одговорен за спречување на корупција во ЈРП МРТ |
| | | Развој и усвојување на правила со кои се регулира размената на деловни подароци |
| | | Воведување на одредби за борба против корупција во договорите за работа на нововработени |
| 2 | Развој на системот за пријавување на случаи на корупција | Поставување на кутии за пријава на случаи на корупција и обезбедување на доверливост и анонимност на пријавување на случаи на корупција |
| | | обезбедување заштита на пријавувачот на случај на корупција и уверување дека нема да биде дискриминиран во натамошното извршување на службените активности |
| | | Евидентирање на случаите на корупција доколку има во писмен извештај и негово чување колку што е можно подолго заради искористување при евентуално покренување на кривична постапка; |
| 3 | Обука и информирање на вработените | Посета на обуки за спречување на корупцијата кога ЈРП МРТ има финансиска можност |
| | | Годишно запознавање на вработените со прописите што ги регулираат прашањата за спречување и борба против корупцијата во ЈРП МРТ преку огласна табла |
| 4 | Следење и контрола на програмата за антикорупција | Проценка на внатрешни ризици:<br>- внатрешни контроли<br>- преглед на претходни измами сторени против или во име на ЈРП МРТ;<br>- дискусии со раководството и вработените. |
| | | Проценка на надворешни ризици:<br>- утврдување на проверки потребни за соодветна проценка на снабдувач / клиент / деловен партнер;<br>- следење на позитивните законски прописи за спречување на корупција во РСМ. |

Доставено до:
- Архива
- Директор на Заеднички функции и администрација
- Одделение за човечки ресурси
- Одделение за правни и нормативни работи
- Сектор за финансиско работење